**изворен научен труд**

**УДК: 316.356.4(497.7):930**

# МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ И ИСТОРИСКИТЕ ПРОУЧУВАЊА

**Билјана Ристовска-Јосифовска**
*Инситут за национална историја*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија*

**Key words:** Macedonia, Macedonian identity, Macedonian historical researches

**Summary:** The study of identity is a complex undertaking, which requires consideration of many aspects of collective and individual development. Given the complexity and comprehensiveness of the theme, our focus is on the Macedonian identity through the lens of historic research, specifically the beginnings of Macedonian historiography and both its non-formal and institutional development.

**Клучни зборови:** Македонија, македонски идентитет, македонски историски проучувања

**Резиме:** Истражувањата на идентитетот претставуваат комплексен потфат, којшто претпоставува разгледувања на многу аспекти од колективниот и од индивидуалниот развиток. Со оглед на комплексноста и сеопфатноста на темата, во оваа пригода се фокусираме на македонскиот идентитет и формите на историските проучувања, земајќи ги предвид почетоците на македонската историографија, нејзиниот неинституционален и институционален развиток.

Темата претставува дел од комплексот проучувања на националниот идентитет (суштина, развиток, национална свест, државно етаблирање), како и на развојните фази на историските размислувања и научни дискусии за него. Со оглед на комплексноста на темата, во оваа пригода се фокусираме на македонскиот идентитет и на формите на историските проучувања, земајќи ги предвид почетоците на македонската историографија, од некои индивидуални обиди и здружени дејствувања врз основа на заедничка идеја, сè до државно институцио-нализирано организирано проучување, со осврт врз

историографските тенденции низ дискурсот на општите културно-национални и политички процеси.

Диференцирањето на одделни етномаркери, сублимирани во спецификите на материјалната и на духовната култура, со време стануваат препознатливи за ентитетот што ја создава и тој почнува да биде распознаван како етнички или национален идентитет. Истражувањата на идентитетот[1] претставуваат комплексен потфат, кој претпоставува повеќестрани и аналитички разгледувања на многу аспекти од развитокот на колективот (каде што се формира колективниот идентитет), но и од битисувањето на поединецот (низ истражување на личниот идентитет). Притоа, треба да се има предвид дека постојат различни начини за: изразување, дефинирање и распознавање на националната припадност. Оформувањето на еден народ се должи на разни фактори, кои се развиваат во текот на времето и под определени околности. Едно од основните карактеристики за идентитетско определување е заедничкото потекло, како и разликувањето на себеси од другите, односно спротиставувањето со другите.

Историскиот процес на развиток на еден народ во нација, во европски контекст се препознава како национализам, а нацијата како краен продукт. Со оглед на мноштвото дефиниции[2], ние немаме намера да отвораме расправа за нивно преповторување, но напоменуваме дека е особено важно да се забележат разликите и сличностите во овие процеси кај балканските народи во однос на другите европски народи, кај коишто обично се одвивале, низ создавање национални држави и институции.

Во овој прилог ние се осврнуваме за македонскиот случај, односно за развитокот и проучувањата на македонскиот национален идентитет. Притоа само ќе ги спомнеме процесите што претходеле на формирањето на националната свест, а кои ги подразбираат пораните историски периоди, во кои се одвивало етничкото структурирање на македонскиот идентитет, низ историскиот развиток и низ националната култура[3]. Така, во македонската историја највлијателните културо-

---

[1] За личниот и колективниот идентитет: Асман 2001, 129-138.

[2] Види: Hobsbawm 1992, 14-45; Гелнър 1999, 7-15; Geary 2003, 16-19; Anderson 2006, 1-7, 37-46; Karolewski and Suszycki 2011, 37-52; Гуринова 2015, 7-16.

[3] Во обид да ја дефинира македонската национална култура, Ристовски пишува: „Па сепак, на одреден простор се формирала и се индивидуализирала една култура што ние денеска условно ја именуваме како ’национална култура‘. Таа се создавала коегзистентно и комплементарно со другите етнокултури на овие простори низ вековите. Денеска мошне често посебно се истакнува културата на античка Македонија, но таа е само одредена компонента во амалгамот што го афирмирала историјата. И нема

лошки промени се должат на неколку крупни демографски пресврти, кои го детерминираат етно-културното позиционирање на македонскиот ентитет и идентитет[4], со директно влијание врз етногенетските процеси на Македонија. Пред сè, тоа е постепеното населување на словенските племиња (од крајот на V до средината на VII век) на територијата на Македонија, од каде што староседелското античко население делумно се повлекувало во планинските и во приморските предели. Како резултат на тоа, територијата и античкото име Македонија остануваат како константа, а новата популација го наметнува словенскиот јазик и го прифаќа христијанството[5]. По влегувањето на Македонија во Османлиската Империја се случува процесот на исламизација и планска колонизација заради создавање верско-етничка доминација на муслиманското население[6], како и големата промена на населението во западниот дел на Македонија по неуспехот на Карпошовото востание (1689)[7]. Меѓутоа, виден низ призмата на целата историја, етнокултурниот развиток на Македонија може да се претстави обично преку неколку епохи: 1) античкиот период до доселувањето на Словените (античка христијанска култура); 2) периодот по доселувањето на Словените, кои со себе ги носат словенската паганска култура и словенскиот јазик, чијшто резултат е создавањето на словенска христијанско-византиска култура, со затврдување на словенскиот јазик и на името Македонија; 3) периодот по доаѓањето на Османлиите, со турско-ориенталната култура и со делумно наметнување на исламот кај дел од Македонците; 4) времето на националното будење и развитокот на националната свест (XIX век

научна потреба да се поставува некаков 'јаз' помеѓу античка Македонија и Словените Македонци, ниту пак да се идентификува некакво единство и истоветност. Македонците се создадени низ еден продолжителен и континуиран процес, без сепарации и 'јазови' и сигурно не само од релативно доцна дојдените Словени на Балканот" (Ристовски 2001, 25).

4 Според Анета Шукарова, „македонскиот идентитет може да се изведе од три темелни ентитета: античка Македонија, славјанството и христијанството" (Шукарова 2008, 36).

5 За словенското име во Македонија во првите векови по населувањето на Словените и за терминот *Склавинија* како име за Самуиловото Царство: Ристовски 2008, 67-72.

6 За исламизацијата и македонско исламизирано население (Лиманоски 1984, 12-61; Ѓорѓиев 2004, 71-76). За колонизацијата на турско население и на муслимански Албанци види: Trifunoski 1988, 34-35.

7 Во австриско-турските војни македонското население се приклучувало на антиосманската страна, а по неуспехот голем број Македонци се повлекуваат со војските кон Војводина и кон Унгарија. Подоцна, дел од нив се населуваат во Украина, каде што, во објавената документација за Македонскиот полк (XVIII век), среќаваме етно-идентификациска определба *македонска нација*: во графата „С какой нацией" одговорот е „македонской нацией" (Матковски 1983, 257-288).

до 1913 година); 5) времето по поделбата на Македонија по Балканските и по двете светски војни (1913-1944); 6) периодот на формирањето национална држава на еден дел од етничката територија на Македонија (1944-1991); 7) времето на самостојна и независна држава Македонија (по 1991 година).

Во развојниот пат на изделувањето и на препознавањето на посебноста на македонскиот етнос (Ristovski 1999, 3-43) се јавуваат неколку основни идентитетски детерминанти, од кои подеднакво значење имаат: територијата, името, јазикот, писменоста, фолклорот и традицијата. Притоа територијата и името Македонија се јавуваат како непроменлива оска на градењето на идентитетот низ целата историја. Во отсуство на национална држава и на конституиран општествено-економски и политички центар, обединувачка рамка за македонскиот народ станала културата, во која се случувале превирањата во процесот на културно-националниот развиток. Во тој контекст може да се прифати дека создавањето на македонската нација се одвивало најмногу според моделот на нација – култура без држава (Старделов 1999, 57–64).

Централнии державнии исторически

| Имяна | Сколько кому отъ роду летъ | Когда и съ какой нации въ Россию прибили и какимъ чиномъ | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Годы | Мясацъ | С какой нацией |
| Кωстантинъ Попъ | 39 | 1752 | 24 окт. | македонской нацией |
| Георгя Петровъ | 42 | 1752 | 24 октября | македонской нацией |
| Панайотъ Костятıнъ | 34 | 1739 | 11 авг. | македонской нацией |
| Антω Добриновъ | 42 | 1754 | 18 маїа | македонской нацией |
| Іванъ Хомецкой | 25 | 1749 | 1 априля | македонской нацией |
| Тодоръ Васильевъ | 27 | 1749 | 6 февраля | македонской нацией |
| Іванъ Ангеловъ | 23 | 1754 | 10 маїа | македонской нацией |
| Стεпанъ Андрѣевъ | 28 | 1749 | 1 априля | македонской нацией |
| Николай Ільина | 25 | 1754 | 6 маїа | македонской нацией |
| Іванъ Хороль | 39 | 1751 | 18 септебря | македонской нацией |
| Михаилъ Свиридовъ | 23 | 1749 | 1 априля | македонской нацией |
| Іванъ Ільина | 27 | 1749 | 1 февраля | македонской нацией |
| Василей Леонтьевъ | 28 | 1749 | 1 февраля | македонской нацией |
| Христофор Миокром-ний | 22 | 1754 | 26 іꙋля | македонской нацией |

Дел од еден од списоците на припадниците на полкот на Јован (Иван) Шевиќ во Украина, во 1756 година (Матковски 1983, 184-185)

Македонското национално идентитетско самоосознавање и афирмирање, најчесто наречено преродбенски процес, сличен со другите балкански народи, претставува пандан на европскиот национализам. Го следиме преку некои специфични развојни појави во процесот на идентитетското детерминирање, меѓу кои словенството се јавува како важен етногенетски белег (за дистанцирање на Македонците од Грците), а *нашизмот* – како начин да се направи различување на: *себеси, нас, нашите* од *другите,* во етничка смисла и

*македонизмот* – како највисока форма на национално осознавање (Rossos 2008, 87–97; Ристовски 2001а, 11-12, 108–110). Во тој процес словенизмот, словеномакедонизмот и македонизмот се последователни пројави во процесот на македонското идентитетско детерминирање, аналогно на развитокот на другите словенски народи. Вид на легитимација и верификација на националните барања претставува и националната митологија, со славење на национални јунаци[8]. Во таа смисла може да прифатиме дека во градењето на историската свест на Македонците се јавуваат две развојни традиции: онаа за античката историја (посебно за Александар Македонски) до дословенскиот период, пренесувана усно и преку ракописни и печатени текстови (во еден период и апокрифно, надвор од црковните институции); како и традицијата што го одразувала словенскиот период, а била распространувана преку црковно-манастирските институции по писмен и по устен пат (со ликови и настани од словенскиот период: Кирил и Методија, Климент и Наум, цар Самоил, кралот Марко, битките на Беласица и на Марица и итн.) (Ristovski 1999, 101-116). Една од специфичните национални пројави е унијатството (движење за унија со Римокатоличката црква) како начин да се постигне културно и национално признание на посебна црква, јазик и народ (Ристовски 2001а, 249-259)[9], како и т.н. повеќедомност во творештвото како форма за изразување на туѓи јазици, во зависност од местото на живеење или од образованието (Старделов 1999, 63-64; Ѓурчинов 1999, 137-147; Ристовски, 2001, 27-28).

Преродбенскиот процес на македонскиот народ, виден како развиток на свеста за националниот карактер, како и неговото организирање за создавање национална држава, започнува обично од почетокот на XIX век и продолжува низ повеќе форми до конституирањето на современата македонска држава (1944)[10]. Како резултат на општествено-политичките услови, се јавуваат и отежнувачки околности: милет-системот (признавал само вери, поради што отсуството на

---

[8] Во македонските преданија Танас Вражиновски разликува теми од четири периоди: античка Македонија и Александар Македонски; времето на христијанизацијата, сè до паѓањето на Македонија под османлиска власт; настаните од времето кога Македонија е во состав на турската империја и борбите за ослободување, како и времето по Илинденското востание, поделбата на Македонија, сè до Првата светска војна (Вражиновски 1999, 276–284).

[9] За унијатството и просветните политики: Сидоровска-Чуповска 2009, 165-178.

[10] За просветителството, културно-националниот и литературно-културниот развиток на Македонија: Миронска-Христовска 2005, 28-33; Ристовски 2001а, 9-25: Ристовски 2001, 9-23.

признаена словенска црква со македонски етноним довело до тоа македонскиот идентитет официјално да не биде нотиран во османлиската државна администрација), геостратешката положба (оневозможувала брзо и рано физичко одделување), туѓите национални пропаганди (влијаеле за доброволно или присилно определување како егзархисти, патријаршисти, односно како :Бугари, Срби, Грци итн.) и поделбата на Македонија по Балканските војни (влијаела на етногенетскиот процес и одложеното формирање на македонска национална држава).

**Македонскиот идентитет низ неинституционално организирани историски проучувања**

Научното фундирање на ставовите околу националниот идентитет на нациите се одразува во пишувањето истории[11], создавајќи одделни модели на разните национални историски презентации[12]. Пишувањето историја е еден од круцијалните елементи и во конструкцијата на нациите и во зацврстувањето на националниот идентитет. Всушност, разни национални дејци сметале дека историјата е еден од елементите во обликувањето на нацијата и затоа често настојувале таквата историја да биде колку што е можно подолга и подлабока во минатото и од неа да го извлекуваат потребниот легитимитет.

Според формите на размислување и пишување историја, македонскиот модел најмногу ја следи европската практика, но има и свои специфики. Заради вообличување на целосната слика, важни се обидите за проучување на идентитетот. Во тој контекст стануваат особено важни историските проучувања од македонски автори. Во

[11] За национализмот, историската свест и пишувањето историја: Barnes 1962, 207-208; White 1973, 38-42.

[12] Интересен е обидот на Бергер и Лоренц за типизирање на националните истории на Европа со помош на осум карактеристики, делумно произлезени од концептот на историскиот идентитет. Притоа, националниот идентитет го земаат како случај на парадигма на историскиот идентитет. Според нивните согледувања, за секоја нација се бара специјален карактер или уникатен национален идентитет во однос на другите; истакнување на уникатниот идентитет врз основа на исклучување од другите, односно етаблирање на националниот идентитет со негирање на другите нации или други групи во нацијата; конструкција на односот пријател – непријател меѓу нациите, а војните и битките ги одредуваат главните линии на приказните; лоцирање на идентитетот на нацијата во заедничкото потекло на нејзините припадници и споделената историја; презентација на историјата на нацијата како континуитет од почетоците до сегашноста, а нацијата како отсекогаш присутна; родови презентации на некои нации; презентација на нацијата како хармонична целина и постојна само како целина, а борбата со надворешниот угнетувач како борба за внатрешна слобода; претстава на нацијата во услуга на каузата за правда и улогата на религијата (Berger and Lorenz 2006, 77-78).

првата етапа спаѓаат некои неинституционални форми, во услови на немање своја држава. Тие најдобро се следат низ една серија на културно-национални здружувања на Македонците во разни држави и можат да се сметаат како претходници на институциите на подоцна формираната македонска држава и на македонската научна мисла. Во таа смисла, иако културно-просветни друштва на Македонците во Македонија и во странство имало и пред 1888 година, со такво именување и со такви цели и задачи Словеномакедонската книжевна дружина на Ѓорѓија Пулевски во Софија (1888) може да се смета како почеток (Ристовска-Јосифовска 2008, 192-203). Нејзино продолжение и унапредување во поглед на развитокот на македонскиот етноним со отфрлање на словенскиот префикс, претставува Младата македонска книжовна дружина во Софија (1891-1892), составена од млади интелектуалци. Главно, од истиот круг македонски интелектуалци потоа учествуваат и во организирањето на Ученичкото друштво „Вардар" (1893-1894) и на Македонскиот клуб (1902) во Белград. По префрлањето на дел од нив во Русија, се формира Македонското научно-литературно другарство во С. Петербург. Значајна улога за континуитетот во меѓувоениот период има и Македонскиот литературен кружок во Софија (1936-1942), како алка што ги сврзува претходниците со првите институционални форми на организирање по формирањето на државата: Дружеството на уметниците, книжевниците и научниците (1945) и Друштвото на писателите на Македонија (1947), па сè до највисоката научна институција – Македонската академија на науките и уметностите (1967).

Поконкретно за целите и за гледиштата на овие културно-национални здружувања, како и на одделни македонски интелектуалци, може да се зборува врз основа на пишаните документи и трудови. Така, на пример, „Славјанско-македонската општа историја" од крајот на 19 век, напишана од Ѓорѓија Пулевски (која може да се гледа како дел од програмското дејствување на Славјанско-македонската книжевна дружина во Софија и појдовна точка за расветлување на нејзината идејна програма), во основата го има проучувањето на македонската историја, јазик и етнографија (Ристовска-Јосифовска 2008, 84-128). Во серијата на публикации треба да се спомне и публикацијата „За македонцките работи" (1903) од Крсте Мисирков, како прва книга на современиот македонски литературен јазик и правопис и првата научно поставена, на современиот литературен јазик и на македонската национално-политичка мисла (Misirkov 2003). Во периодот од поделбата на Македонија (1913) до почетокот на Втората светска војна (1941)

особено е важен дискурсот на македонските емигранти, па во тој контекст треба да се анализираат јавните настапи на Македонците во Русија, нивните политичките ставови и интерпретации за историјата и за современите настани, третманот на националното прашање и проекциите за национална држава (име, национален карактер, уредување, меѓународни релации), како и нивните реакции на решенијата на големите сили. Со почетокот и во текот на војните, тие инсистираат на формирање на посебна држава и се обидуваат да предупредат за опасностите од делење на македонската етнокултурна територија. Следната етапа започнува по потврдувањето на резултатите од Балканските војни, кога почнува период во услови на тројно владеење, кога Македонците се свртуваат кон убедување на руската и на меѓународната јавност дека единствениот излез е реализирањето на македонска држава. За сето тоа зборуваат текстовите на поединци или програмските текстови на Македонското научно-литературно другарство во С. Петербург[13]. Формите и етапите на историските проучувања ги следат историските настани, па затоа треба да се имаат предвид и делата на дејците околу Македонскиот литературен кружок во Софија (1936-1942), кои го обработуваат прашањето за македонската нација и за македонскиот литературен јазик[14]. Заслужуваат посебно внимание и делата и идеите на интелектуалците во вардарскиот дел на Македонија[15], каде што и се формира современата држава во 1944 година.

Корисен инструмент за пренесување на политичките пораки и за објавување на разните истражувања на националниот идентитет и развиток претставува печатот. Така, во низата периодични публикации, за нас се од особена важност прилозите во „Лоза“, како

---

[13] Го издвојуваме рефератот на Наце Димов во С. Петербургшкото благотворно словенско друштво (8. II 1913), во кој, меѓу другото, пишува за историската основа на македонските барања за самостојност (Димовъ 1913, 12-16).

[14] За почетоците на истражувањата на прашањата за: преродбата, нацијата, јазикот, идентитетот: Ник. И-въ, Проявление на макед. съзнание, „Македонски вести“, II, 66, 12. VIII 1936, 2—3; Коста Веселиновъ, Понятие за нацията, „Македонски вести“, II, 69, 3. IX 1936, 2; idem, Възраждането на Македония и Илинденското възстание, София, 1939; Национално поробени народи и национални малцинства, 1938; idem, Възраждането на Македония и Илинденското възстание, София,1939; Ангелъ Диневъ, Македонскитѣ славяни, София, 1938; Васил Ивановски, Идеитѣ и задачитѣ на македонското прогресивно движение въ България, София, 1933; idem, Защто сме ние, Македонците – отделна нация, София, 1934; К. Ламбревъ, Македонскиятъ въпрос и балканското единство, 1938 итн.

[15] За Кочо Рацин околу историскиот развиток на македонскиот народ, види: Андонов-Полјански 1973, 69.

дел од дејноста на Младата македонска книжовна дружина во Софија (1891-1892), написите од весникот „Балкански гласник – Revue Balkanique“ (1902) како дел од дејствувањето на Македонскиот клуб во Белград, како и списанието „Вардар“ во Одеса (1905) како неофицијален месечен орган на Македонското научно-литературно другарство во С. Петербург и прво научно-литературно и национално-политичко списание на современиот македонски литературен јазик и правопис. Тоа е значајно и по првата објавена национална статистика, во која населението во јужномакедонските краишта е определено како Македонци. Во 1913 година во С. Петербург почнува да се издава и една од најзначајните македонски периодични публикации – списанието „Македонскій голосъ (Македонски глас)“[16]. Во него се објавени разни прилози за Македонија и за Македонците: историски и етнографски прегледи, политички анализи и официјални акти на Македонската колонија во С. Петербург, писма на читатели и на дописници од Русија и од други земји. Се разработуваат идеите за државноста и територијалниот интегритет на Македонија, како и страници посветени на уметничкиот израз на разни македонски и руски поети и писатели (Ристовски 1978, 157-226, 367-424; Тодоровски 1997, 155-162). Дејноста, пак, и почетниот импулс за организирање на Македонскиот литературен кружок се сврзува со Редакцијата на „Македонски вести“ (1936) и на „Нација и култура“ (1937-1938).



Список села од iужна Мак'едонiа
(Пазарцко, Солунцко, Гевг'елiцко и Кукушко) *)

I. Селата одваде (од десно, на запад) од Вардар:

| № | Името на селото | Живеiат | Чифлик или земiата селцка | Колку кук'и | Кааза |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Даýчево ......... | турци | селцка | 15 | солунцка |
| 2 | Ковáчево ........ | » | » | 15 | » |
| 3 | Илиджиiево ..... | македонци | чифлик | 30 | » |
| 4 | Дóлната Мала .... | » | » | 100 | » |
| 5 | Стрéдната Мала .. | » | » | 25 | » |
| 6 | Гóрно Куфáлово .. | » | » | 200 | » |
| 7 | Ливадúца ........ | » | » | 25 | пазарцка |
| 8 | Рáмнā .......... | » | » | 20 | » |
| 9 | Бóзец ......... | » | » | 103 | » |
| 10 | Пéтрево ........ | » | » | 110 | » |

Дел од првата статистика на населението, во која се идентификувани Македонците, објавена од Крсте Мисирков во списанието „Вардар“ (Одеса, 1905)

[16] Тоа било испечатено во 11 броја, со прекин по осмиот број (9. VI 1913 – 20. XI 1914).




Карта на географска и етнографска Македонија, изработена од Димитрија Чуповски и испечатена во колор на македонски јазик во 1913 година, во С. Петербург (Македонски албум 2014)

**Македонски историски проучувања и институции (1945 – 1991)**

Потребата да се истражува сопствениот идентитет претставува дел и од националниот развиток, а истовремено резултатите го следат и го одразуваат општествено-политичкиот контекст. Според Георги Старделов: „Историската егзистенција на една нација, според тоа, целосно се обликува дури во националната држава и низ создавањето на нејзините најзначајни национални институции: од политиката, преку науката и образованието, до културата воопшто. Низ нив потоа се создаваат интелектуалци на нацијата, коишто ги фундираат севкупните нејзини атрибути како автохтона национална заедница. Низ тие институции на својата држава еден народ ја создава и ги одгледува: својата национална свест, својата национална физиономија, својот национален идентитет, кои не се дадени еднаш за секогаш, туку постојано се одгледуваат и продлабочуваат. Низ нив тој ја реализира својата волја да живее самостојно како посебен национален субјект и да ја остварува својата независна и суверена национална егзистенција. Да располага со самиот себеси тоа е, според македонското искуство, најважната задача што на еден народ му ја наметнува нацијата и неговата национална држава“ (Старделов 1999, 58).

Процесот на институционализација и професионализација на историското пишување значи витален придонес кон формирањето на нацијата, коешто самото по себе претставува и се смета за неопходен чекор. И во македонскиот случај, културниот и националниот развој и создавањето на националната држава значат создавање на сопствени научни политики и организирано институционално проучување. Младата македонска историска наука се наоѓа во ситуација своите

гледишта да ги спротистави на веќе етаблираните гледишта во балканската и во европската историографија за историјата на Македонија. Развојот на историографијата ги следи фазите на општествено-економскиот и на политичкиот развој: комунистички / социјалистички и постсоцијалистички / транзициски период, со други зборови: периодот на живеењето во рамките на југословенската федерација и периодот на независна македонска држава.

По формирањето на современата македонска држава, започнува развојот на современо институционално проучување на македонската историја преку академски институции и професионални здруженија[17]. Првата високообразовна институција е Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (1946), каде што се формира и Катедрата за историја при Историско-филолошкиот оддел на Филозофскиот факултет. Со својство на прва специјализирана институција за историја е Институтот за национална историја (1948), чии главни цели се истражувањето, зачувувањето и научната анализа на материјалите и документите, како и објавувањето научни трудови од обласа на: националната, политичката и културната историја (Јурукова 2003, 304; 40 години 1978, 7-8)[18]. Највисоката научна институција Македонската академија на науките и уметностите е основана во 1967 година, а првата професионална граѓанска организација е Здружението на историчарите на Република Македонија во 1952 година (Јотевски 2007, 17-25). Со етаблирањето на модерната историска наука започнува создавање на научно фундирани трудови од македонски автори, а резултатите се презентираат во специјализирани или интердисциплинарни: списанија, монографии, зборници од конференции итн.

Интересот на историографијата (особено во раниот социјалистички период), се фокусира на проучувањето на историјата на Народноослободителната борба и формирањето на Југославија и на

---

[17] Територијата на денешна Република Македонија била под српска власт (1912-1917, 1918-1941) и под бугарска власт (1915-1918, 1941-1944). За периодот пред формирањето на современата македонска држава, треба да се укаже за основањето на Филозофскиот факултет во Скопје (1920). Меѓу првите печатени публикации е *Гласник Скопског научног друштва / Bulletin de Société Scientific de Skopje* (1925-1940) што го издава Скопското научно друштво. Се основаат и музеи: Национален музеј во Скопје (1924), Музеј на градот Битола (1934), Музеј на градот Скопје (1935), Црковен музеј во Скопје (1937) итн., како и Државен архив во Скопје (1929-1941). Институциите се во функција на „докажување" на српското потекло на македонското население и етаблирање на српската власт во новоосвоената територија. Во времето на бугарската окупација (1941-1944), меѓу другото, се отвора универзитет во Скопје (1943/44), со бугарски кадар и наставна програма, во која се изучува главно бугарскиот јазик и историја.

[18] За некои општествени аспекти: Stefoska 2013, 200-203.

воено-политичките аспекти на Втората светска војна. Се публикуваат трудови со тематика поврзана со: националното и антифашистичкото ослободително движење, борбите со четничките и балистичките воени формации, како и македонското малцинство во соседните држави, Граѓанската војна во Грција (Македонските бегалци 2012, 10-11, 32-36), егзодусот на македонското население од егејскиот дел на Македонија (Симовски 1998) и испраќањето на децата бегалци во Југославија и во други социјалистички земји. Посебно место во истражувањата има т.н. македонско национално прашање, за кое најчесто се пишува како за решено со влегувањето на новоформираната македонска држава во Југословенската Федерација. Темите поврзани со: „југословенското заедништво", историјата на Комунистичката партија и изградбата на социјалистичкото општество претставуваат посебна целина во историографската продукција.

Во контекст на општеството и градењето на македонскиот идентитет во периодот од 1944 до 1991 година[19], македонскиот народ го користи правото на самоопределување, коешто е декларирано во основите на Југословенската Федерација. Но истовремено се развива во духот на „дозволената" рамка за национално афирмирање, имајќи ја предвид тенденцијата за градење на „југословенско" единство и патриотизам како највисок интерес на југословенската политика. Во врска со „доктрините" за организирање и за опстанување на социјалистичкото општество, се инсистира на слоганот „братство и единство" и волјата народите да живеат заедно и да го градат новото социјалистичко општество. Основаната цел е да се одржи системот, државната целина и внатрешниот распоред на моќта со општествено-политичка и културна доминација на Белград како центар. Според тоа, препорачаниот модел на искажување на националниот идентитет, како и фокусот на историските интерпретации, е поставен на „братството и единството" на народите на Федерацијата, односно протежирањето модел на суперпониран југословенски патриотизам над патриотизмот на припадниците на одделните нации[20].

Истражувањето на националните истории во Југословенската Федерација беше маргинализирано во оние сегменти што не беа на

[19] За историографијата и за учебниците: Ристовски, 2001а, 26-56; Поповска 2015, 36-43.

[20] Во 60-тите и почетокот на 70-тите години, во времето на либерализмот, се покренуваат низа национални аспекти. Во тоа време е основана МАНУ и е прогласена автокефалноста на Македонската православна црква (1967). Меѓутоа, протагонистите на барањата за поголема самостојност во СФРЈ дошле во судир со официјалната политика. Посебно треба да се истакне судирот што го имал Крсте Црвенковски со Лазар Колишевски, поради што во 1974 година бил разрешен од сите функции.

линија со генералната политика. На пример, античката историја на Македонија не беше препорачлива за истражување, а немаше ни одделен предмет на Катедрата за историја, туку се изучуваше во рамките на предметот Стар век и според учебници за античка Грција. Целта беше да не се отвораат идентитетските проблеми на Грција, во чиишто граници, по поделбата со Букурешкиот договор (1913), живее македонско малцинство и 51% од македонската етничка територија[21]. Заради „добрососедски односи“ со Грција, официјалната научна политика се води кон премолчување на античката историја и кон истакнување на словенскиот елемент во македонската етногенеза. Меѓутоа, и покрај тоа што изучувањата на националната историја се ограничени и третирани со голема претпазливост (во смисла на самоцензура од авторите), сепак ова е период кога, за првпат во историјата, македонскиот народ може слободно да го изразува и да го развива својот национален идентитет и низ легални институции да го проучува и да пишува за своето минато.

**Историските проучувања во самостојната македонска држава по 1991 година**

Во периодот непосредно пред[22] и особено по државното осамостојување на Република Македонија, започнуваат нови процеси во насока на кршење на врските со претходниот систем, како и преиспитување и редефинирање на некои историски толкувања. Отфрлањето на контролата и востановувањето на слободата на изразување отвора многу прашања. Рушењето на социјалистичкиот систем и почетокот на т.н. транзициски период носат низа нови тенденции. Идејата за плуралистичко општество и за самостојна држава се зародува во засиленото студентско движење и во напредната македонска интелектуална елита со: реформистички и национални барања, организирањето на Македонскиот форум (Ристовски 2015, 316-341) и на Движењето за семакедонска акција МААК (1990), авангардната улога на редакцијата на весникот „Млад борец“ во промовирањето на слободата на информации и идеи итн.

Во таа смисла и организираните студии на историјата се интензивираат во годините од осамостојувањето преку низа јавни и нови

[21] За правото на самоопределување и Македонците во Грција: Gaber 2009, 43-48.

[22] Во поважните историски настани од национално-политички аспект е организирањето на Средбата на децата бегалци од егејскиот дел на Македонија во Скопје (3 јули 1988), по што следеа низа манифестации на националните емоции и се отворија многу прашања поврзани со историјата.

приватни високообразовни и истражувачки институции и здруженија. Во врска со македонскиот идентитет, започнува време на зацврстена самодоверба во сопственото национално сознание, слободно изразување на сопствениот став и можности за поддршка на оние научни истражувања што биле маргинализирани дотогаш. Во таа смисла особено е впечатлива тенденцијата да се истражи поблиското минато и живеењето во Југословенската Федерација низ: критички дискурс на југословенската политика, откривање на, дотогаш, забранетите теми и објавување информации и лични истории на оние што ја почувствувале казната на режимот за нелојалноста. Всушност, почнуваат да се отвораат многу т.н. бели петна во интерпретацијата на настаните во националната историја. Се дискутира за: многу премолчани факти и интерпретации за југословенското општество и улогата на некои личности и на Тито, поделбата на Македонија, прогонот на политичките неистомисленците (посебно оние што се залагале за самостојна Македонија), односот кон религијата и Македонската православна црква итн.

Една од впечатливите тенденции е продлабоченото научно истражување на потеклото и на етничката припадност на античките Македонци (Проева 1997, 80-114), а античката историја на Македонија се изучува на сите нивоа на образованието (Mladenovska-Ristovska 2013, 249-250; Ристовска-Јосифовска 2010, 273-282). Причините за засиленото истакнување на антиката се повеќестрани и комплексни. Основната причина се состои во фактот што историските ликови од антиката се дел од колективната меморија на македонскиот народ[23], но влијателна причина за зголемениот интерес е и дотогаш маргинализираното познавање и проучување. Значајно влијание има и политичкиот амбиент на континуираниот меѓународен притисок врз Македонија, артикулиран низ барањата за промена на: името[24], уставот, јазикот и црквата, а во насока на релативизирање и преосмислување на македонскиот идентитет. Во тој контекст зголемениот интерес за македонската античка историја и посебно за Александар добиваат и форма на манифестација на отпор.

Истовремено се јавуваат и други тенденции, како што се нагирањето на истражувањата што потекнуваат од периодот пред 1991

[23] Според Танас Вражиновски: „Кај македонскиот народ постои длабока традиција во која тој е претставен како Македонец, а Македонците како негови потомци. Таквата традиција во македонското народно творештво, а и не само во него, има длабоки корени, кои се влечат од дамнешното минато, па преку османлиското ропство, преку преродбата, продолжуваат да се негуваат и во нашата современост“ (Вражиновски 2008, 231).

[24] За македонско-грчките односи види: Rossos 2008, 268-272.

година, како и некритичното користење на странски автори. Во однос на историските проучувања на идентитетот се засилува и неговото проблематизирање, преку поставување на дилемата на етничкото потекло и со потенцирањето на исклучиво еден дел од етногенетските историски наслојки: антички или словенски, па дури до недвосмислена негација на македонскиот идентитет. Треба да се има предвид и појавата на некои теории за „чисто словенското“ потекло на Македонците или за нивното „директно потекло“ од античките Македонци, чиешто актуализирање денеска се чини како анахрон тенденциозен обид да се наметне прашањето за карактерот на македонскиот идентитет[25].

Во овој период се забележува и силното влијание на политичките партии и нивната „историска вистина“ и историски херои. Во таа смисла влијателен историски настан е и воениот конфликт од 2001 година и т.н. Охридски рамковен договор (Перспективите 2001, 1-26), кој ја сопре војната, а започна нов процес[26]. За тенденциите што го обележуваат периодот по 2001 година, засега можеме само да констатираме некои појави, според факти и сопствени видувања, но од позиција на сведоци. Меѓутоа, сеедно какви појави се јавуваат низ времето и во контекст на целокупната политика на Балканот кон Македонците и македонскиот идентитет на државата и нацијата, денеска постои можност за научно проучување и пишување национална историја.

**Литература:**

Anderson, Benedict. 2006. *Imagined Communities, Reflections of the Origin and Spread of Nationalism*. London, New York.

[25] Од политички мотивирани причини, во поново време се појавува терминот „антиквизација“, под кој се подведуваат сите дејствија што се поврзани со истакнувањето или проучувањето на македонската античка историја (студии, спомен обележја и слично). Овој термин започнува да функционира политички како синоним за политичкото владеење на една партија.

[26] Потпишан и покрај укажувањата на интелектуалците околу избрзаноста и контроверзите околу овој документ (Vankovska 2007, 41-63; Rossos 2008, 280-281), вклучително и проблемите во преводот од англиски на македонски јазик, како и нетипичноста на правната терминологија (Димова 2001, 27-28), тој им послужи на албанските политички лидери за барања статус на албанското малцинство како конститутивен народ заедно со македонскиот. Со него е направен обид за редефинирање на идентитетот на македонската држава, со цел да се создаде заедница на заедници. Треба да се спомене и „Македонската енциклопедија“ (2009), која беше нападната по повод одредницата за Албанците во Македонија, бидејќи пишувањето за нивното доселување е спротивно од главната идеја албанското население да се претстави како автохтоно на овие простори.

Андонов-Полјански, Христо. 1973. Кочо Рацин како историограф. In: *Гласник*. XVII. 3. Скопје, 63-74.

Асман, Ян. 2001. *Културната памет. Писменост, памет и политическа идентичност в ранните високоразвити култури*. Превод от немски език Ана Димова. София.

Barnes, Harry Elmer. 1962. *A History of Historical Writing*. Second Revised Edition. New York.

Berger, Stefan, Lorenz, Chris. 2006. National Narratives and Their 'Other': Ethnicity, Class, Religion and the Gendering of National Histories. In: *Storia della Storiografia*. 50. Pisa-Roma, 59-98.

Vankovska, Biljana. 2007. *The Role of the Ohrid Framework Agreement and the Peace Process in Macedonia*. In: *Regional Cooperation, Peace Enforcement, and the Role of the Treaties in the Balkans*. Stefano Bianchini et al (eds.). Ravenna. Longo Editore Ravenna, 41-63.

Вражиновски, Танас. 1999. *Народните претстави за Македонија и Македонците во историските преданија*. In: *Македонија: Прашања од историјата и културата*. Скопје, 273–286.

Вражиновски, Танас. 2006. *Александар Македонски во 'Славјанско-македонската општа историја' од Ѓорѓија М. Пулевски*. In: *Предавања на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*. XXXIX. Скопје, 205–218.

Вражиновски, Танас. 2008. *Преданието – меморија на народната историја*. In: *Интерпретации. Европски истражувачки проект за поетика и херменевтика. Меморија и интерпретација*. Катица Ќулавкова (ed.). Скопје.

Gaber, Viktor. 2009. *Recognition and Denial. Greece and Macedonians after Versailles.* Skopje.

Geary, Patrick. J. 2003. *The Myth of Nations. The Medieval Origins of Europe.* Princeton and Oxford.

Гелнър, Ърнест. 1999. *Нации и национализъм.* Превод от английски Ивелина Ватова, Албена Знеполска, София.

Гуринова, О. Н. 2015. *Македонский вопрос в международых отношениях 1913-1920 гг.* Харков, 7-16.

Danforth, Loring M. 2010. *Ancient Macedonia, Alexander the Great and the Star or Sun of Vergina: National Symbols and the Conflict between Greece and the Republic of Macedonia*. In: *A Companion to Ancient Macedonia*. Joseph Roisman and Ian Worthington (eds.). Blackwell Publishing Ltd, 572-598.

Danforth, Loring M., Boeschoten, Riki Van. 2012. *Children of the Greek Civil War. Refugees and the Politics of Memory*. Chicago and London.

Димова, Лидија. 2001. *Коментар за преводот на рамковниот договор*. In: *Перспективите на Рамковниот договор*. Можно видување за платформа за акција на НВО секторот во Македонија". Славица Инцевска (уред.). Институт отворено општество. Скопје, 27-28.

Димовъ, Н. Д. 1913. *Глава I. Историческiй очеркъ Македонiи и македонскихъ славянъ. Глава II. Причины возникновения четническаго движенiя въ Македонiи. Глава III. Политическiй обзоръ Македонии и македонцевъ.* Докладъ, прочитанный въ С.-Петербургскомъ Славянсгкомъ благотворительномъ Обществø 8 февраля 1913 года. С.-Петербургъ.
Ѓоргиев, Драги. 2004. Исламизацијата во македонско-албанскиот граничен појас во XV и XVI век. In: *Историја*. XXXX. 1-2. Скопје, 71-76.
Ѓурчинов, Милан. 1999. *Балканскиот културен плурализам и двојната припадност на македонските писатели од XIX век*. In: *Македонија: Прашања од историјата и културата*. Скопје, 137-147.
Јотевски, Васил. 2007. *55 години на Сојузот на историчарите на Република Македонија.* In: *Историја, историографија и настава по историја*. Билјана Ристовска-Јосифовска (ed.). Скопје, 17-25.
Јурукова, Нада. 2003. *Културно-просветни појави и процеси во Македонија (1944-1953)*. Скопје.
Karolewski, Ireneusz Paweł, Suszycki, Andrzej Marcin 2011. *The Nation and Nationalism in Europe. An Introduction*. Edinburgh.
Конески, Блаже. 1986. *Македонскиот XIX век. Јазични и книжевно-историски прилози*. Скопје.
Лиманоски, Нијази. 1984. *Исламизацијата и етничките промени во Македонија*. In: *Македонци муслимани*. Скопје, 12–61.
*Македонска енциклопедија*. 2009. I-II. Скопје.
*Македонски албум. Документи од и за Македонското научно-литературно другарство и Македонската колонија во С.-Петербург*. 2014. Macedonian Album. Documents from and about the Macedonian Scientific and Literary Society and the Macedonian Colony in St. Petersburg. Блаже Ристовски, Билјана Ристовска-Јосифовска (eds.). Скопје. Skopje. + CD.
*Македонските бегалци во Полска*. 2008. Проблеми на воспитанието и образованието на децата и на младината. Документи 1948-1975. Macedońscy uchodźcy w Polsce. Zagadnienia wychowania i kształcenia dzieci i młodzieży. Dokumenty 1948-1975. д-р Петре Наковски (ed.). I. Скопје.
Матковски, Александар. 1983. *Македонскиот полк во Украина*. Скопје.
Миронска-Христовска, Валентина. 2005. *Просветителството во Македонија*. Скопје.
Misirkov, Krste P. 2003. *On Macedonian Matters*. On the Occasion of the Hundredth Anniversary of the Publication of the Book, Blaže Ristovski (ed.). Alan McConnell (translator), Graham W. Reid (English translation ed.). Skopje.
Mladenovska-Ristovska, Katerina. 2013. *The Alexander Romance in the Macedonian Tradition*. In: *Macedonia: Land, Region, Borderland*. Jolanta Sujecka (ed.). Warsaw. 237-253.
*Перспективите на Рамковниот договор*. Можно видување за платформа за акција на НВО секторот во Македонија. 2001. Славица Инцевска (уред.). Институт отворено општество. Скопје.
Поповска, Драгица. 2015. *Споменикот, меморијата и идентитетот*. Скопје.

Проева, Наде. 1997. *Студии за античките Македонци*. Скопје.
Пулевски, Ѓоргија М. 2003. *Славјанско-маќедонска општа историја*. Ред: Блаже Ристовски, Билјана Ристовска-Јосифовска. Скопје.
Ристовска-Јосифовска, Билјана. 2008. *Ѓорѓија М. Пулевски како револуционер и културно-национален деец*. Скопје.
Ристовска-Јосифовска, Билјана. 2010. *Македонската Александрида од XIX век – специфичен израз на националниот идентитет*. In: *Македонскиот идентитет низ историјата*. Скопје, 273-282.
Ристовски, Блаже. 1978. *Димитрија Чуповски (1878-1940) и Македонското научно-литературно другарство во Петроград*. II. Скопје.
Ристовски, Блаже. 2001. *Сознајби за јазикот, литературата и нацијата.* Скопје.
Ристовски, Блаже. 2001а. *Столетија на македонската свест. Истражувања за културно-националниот развиток.* Скопје.
Ристовски, Блаже. 2008. *Првобитното име на Самуиловото Царство било Склавинија?* In: *Македонскиот идентитет низ историјата*. Скопје, 67-72.
Ристовски, Блаже. 2015. *Македонската кауза*. 10. Скопје.
Ristovski, Blaže. 1999. *Macedonia and the Macedonian People*. Vienna-Skopje.
Rossos, Andrew. 2008. *Macedonia and Macedonians. A History*. Stanford.
Сидоровска-Чуповска, Силвана. 2009. *Просветно-културните прилики во Македонија во 19 век.* Скопје.
Симовски, Тодор. Христов. 1998. *Населените места во Егејска Македонија*. I. Скопје.
Старделов, Георги 1999. *Нациите на Балканскиот историски контекст некогаш и денес (Македонско искуство)*. In: *Македонија: Прашања од историјата и културата*. Скопје, 57–64.
Stefoska, Irena. 2013. *Nation, Education and Historiographic Narratives: The Case of the Socialist Republic of Macedonia (1945-1990)*. In: *The Ambiguous Nation. Case Studies from Souteastern Europein the 20th Century*. Ulf Brunnbauer and Hannes Grandits (eds.), München, 195-229.
Тодоровски, Гане. 1997. *Поглед кон литературните прилози во списанието „Македонский голос“ 1913/14 г. – орган на приврзаниците на независна Македонија во Петроград*. In: *Македонското научно-литературно другарство и неговиот континуитет до основањето на Македонската академија на науките и уметностите*. Скопје, 155-162.
Trifunoski, Jovan. 1988. *Albansko stanovništvo u Makedoniji*, Beograd.
Hobsbawm, Eric. J. 1992. *Nations and Nationalism since 1780. Programet, Myth, Reality*. Cambridge.
Шукарова, Анета. 2008. *Меморијата и идентитетот*. In: *Мекедонскиот идентитет низ историјата*. Скопје, 35-42.
White, Hayden. 1973. *The Historical Imagination in Nineteenth-Century Europe.* Baltimore & London.
*40 години Институт за национална историја 1948-1988.* 1978. Скопје.